| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | ИНСТИТУТИ НА СЕМЕЈНОТО ПРАВО | | | |
| 2. | **Код** | | | | |
| 3. | **Студиска програма** | Постдипломски курс Граѓанско процесно и граѓанско материјално право | | | |
| 4. | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факулет „Јустинијан Први“ – Скопје | | | |
| 5. | **Степен (прв, втор, трет)** | втор | | | |
| 6. | **Академска година/семестар** | петта/девети семестар | 7. | **Број на ЕКТС кредити** | 6 (шест) |
| 8. | **Наставник** | **Проф. Д-р Дејан Мицковиќ** (раководител на предметната програма и предметен наставник)<br>**Проф. д-р Ангел Ристов**<br>(предметен наставник)<br>**Доц. Д-р Елена Игновска**<br>(предметен наставник) | | | |
| 9. | **Предуслови за запишување на предметот** | Завршен седми семестар - Постдипломски курс Граѓанско процесно и граѓанско материјално право | | | |
| 10. | **Цели на предметната програма (компетенции):** | | | | |
| | Изучувањето на предметната програма Институти на семејното право на студентите ќе им овозможи:<br>- студентите да бидат во состојба да ги разберат и да ги разликуваат семејно-правните појави, сличностите и разликите во правното уредување во различни европски земји и културолошките причини за тоа, генезата и причинско-последичната врска на различните правни решенија во областа на бракот и семејството во европските земји и во Република Македонија како и семејните спорови со меѓународен елемент,<br>- студентите да бидат во можност да ги толкуваат и анализираат пресудите на Европскиот суд за човекови права во поглед на членот 8 од Европската конвенција за човекови права и другите меѓународно обврзувачки документи,<br>- студентите да можат да изградат основен систем на научно истражувачка работа која во себе опфаќа споредбен пристап, критички став, како и способност за сопствено размислување и анализирање на конкретната динамика на развојот на семејството,<br>студентите да бидат во можност да понудат правна аргументација за дебатирање на актуелни спорни теми во нашето општество како на пример: брак наспроти вонбрачна заедница и регистрирано партнерство, предбрачен договор, демографски политики, права на децата, односи меѓу половите, дискриминација врз основа на пол, социјално потекло, сопственост, раѓање или друг статус итн.. | | | | |
| | **Содржина на предметната програма:** | | | | |
| | Во рамките на програмата по предметот Институти на семејното право ќе бидат обработувани прашањата за:<br>- Брак, вонбрачна заедница пребрачен договор, регистрирани партнерства и правни (лични и имотни) последици од водење на заеднички семеен живот<br>- Развод на брак, престан на вонбрачна заедница и регистрирани партнерства и правни (лични и имотни) последици од престанот на заедничкиот семеен живот<br>- Утврдување и оспорување на родителски однос спрема деца родени во/надвор од брак/вонбрачна заедница/регистрирано партнерство а зачнати природно или со биомедицински потпомогнато оплодување<br>- Посвојувања, реформа во посвојувањето и меѓународни посвојувања<br>- Гласот на децата и принципот на нивен најдобар интерес | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - Социјалниот аспект на семејството и државата и старателството<br>- Политики на државата во поглед на семејството: демографски, за родова еднаквост, заштита од дискриминација<br>-Пракса на европскиот суд за човекови права во поглед на член 8 од Европската конвенција за човекови права генерално и случаи против Република Македонија<br>-Пракса на националните судови во семејни спорови и<br>- Семејни спорови со меѓународен елемент. | | | |
| **12.** | **Методи на учење:** | Реализацијата на наставата ќе опфаќа употреба на современа техника на предавања (интерактивни предавања, анализа на случаи, вежби и презентации, гости и посета на институции). | | |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 52,5 часови настава (150 вкупно расположлив фонд на време) | | |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | 15 недели по 3,5 часови | | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | Најголемиот дел од наставата ќе се одвива со примена на современа информатичка технологија, која вклучува Power Point презентации и други мултимедијални техники. Наставните содржини ќе се реализираат од страна на предметните наставници, а по потреба и од страна на соодветни надворешни соработници. |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | Се очекува ангажираност на студентите преку истражувања на одредени теми кои ќе бидат јавно презентирани. Учество во симулирани судења и во |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | трибини и дебати. |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | Во текот на наставата, предвидени се и посети на соодветни институции и/или организации, кои ќе придонесат кон зајакнување на практичните знаења и искуства на студентите. |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | Изработка на семинарски работи. Тимска работа на конкретни претходно зададени задачи. |
| | | 16.3 | Домашно учење | Доставување на материјали и задачи за домашно истражување преку современите електорнски медиуми. |
| **17.** | **Начин на оценување** | | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | | - Задолжителен завршен писмен тест или усмен испит по завршување на наставата.<br>- Студентите на завршниот испит ќе можат да освојат максимум **70 поени.**<br>- Студентите не полагаат влезен колоквиум.<br><br>Во финалната оцена се засметуваат поените остварени од завршниот испит и поените остварени од научно-истражувачка работа и активност<br>Финалната оцена не може да надмине 100 поени |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | 17.2 | **Семинарска работа / проект** **(презентација: писмена и усна)** | - Студентите имаат можност да изработат научно-истражувачки труд преку кој можат да освојат **најмногу 20 поени.**<br>- Темата на научно-истражувачката работа се определува во взаемен договор помеѓу наставникот и студентот.<br>- Остварените поени од научно-истражувачката работа ќе бидат дел од финалната оцена. |
| | 17.3 | **Активност и учество** | - Студентите имаат можност да остваруваат **најмногу 10 поени** од активност при што остварените поени ќе бидат дел од финалната оцена.<br>- Начинот на спроведување на активноста е во зависност од потребите на групата и наставната единица предвидена во Силабусот на предметот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | до 51 бода | 5 (пет) (F) |
| | | од 51 до 60 бода | 6 (шест) (E) |
| | | од 61 до 70 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | Согласно интерните акти на факултетот | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонскијазик | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | Евалуација и самоевалуација | |
| **22.** | **Литература** | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **22.1** | **Задолжителна литература** | | | | |
| | | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | | 1. | Дејан Мицковиќ<br>Ангел Ристов | Семејно право | Блесок, Скопје | 2015 |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

| | 22.2 | Дополнителна литература | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Р. бр. | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | | | | |
| | | 2. | | | | |
| | | 3. | | | | |